Универзитет „Св. Климент Охридски"-
Битола
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО -
ОХРИД

University "St. Kliment Ohridski" - Bitola
FACULTY OF TOURISM AND HOSPITALITY OHRID

Врз основа на чл. 132 од Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр.35/2008), Наставно-научниот совет на седницата одржана на 25. 06. 2012 год. ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за избор на наставник

**Д-р Климе Попоски** се избира за **наставник** од научните области Финансии 50326 и Економски науки-друго 50329., во звањето **вонреден професор,** на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид.

## Образложение

Факултетот за туризам и угостителство-Охрид во весникот "Нова Македонија " на 20.03.2012г год. распиша конкурс за избор на наставник од научните области Финансии 50326 и Економски науки-друго 50329.

На конкурсот се пријави кандидатот д-р Климе Попоски, наставник на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид.

Во согласност со чл.132 од Законот за високото образование, Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид, именува рецензиона комисија во состав:

Проф.д-р Михаил Петковски
Проф д-р Деса Косаркоска
Проф д-р Ристо Гогоски

Рецензионата комисија достави реферат со заклучок и предлог за кандидатот д-р Климе Попоски.

Рефератот беше објавен во "Билтен"бр. 362, на Универзитетот "Свети Климент Охридски"-Битола од 02.05.2012 год.

Деканот во согласност со Законот, Статутот на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид и Спогодбата за усогласување на условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, соработнички и стручни звања на Универзитетот "Свети Климент Охридски"-Битола, констатира дека се исполнети условите за избор на соработник, по предлог на рецензионата комисија.

Наставно-научниот совет на седницата одржана на 25.06.2012 год. откако ја разгледа доставената документација од кандидатот, по објавениот конкурс, сите предлози и трудови по предлог на Рецензентската комисија, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.11- 232/3-1**
**25.06.2012год.**

**Изготвил и одобрил:**

**Даница Шајновска**

**Декан**

**Проф. д-р Сашо Коруновски**